UPRAVEN SUD NA
REPUBLIKA SEVERNA
MAKEDONIJA Skopje
2026.07.21 09:35

УПРК.бр.15/2025

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите д-р Едита Насковска - претседател на совет и судиите Габријела Михајловска и Александар Чичаковски - членови на советот, со записничар Димитар Радичевски – виш судски соработник, одлучувајќи по тужбата на тужителот МЗТ Пумпи А.Д Скопје, производство и монтажа на пумпи, турбини, хидромеханичка и еколошка опрема Скопје, поднесена преку полномошник Петар Трајковски, адвокат од Скопје, против Заклучокот бр.09-76/20 од 13.06.2025 година, на тужениот орган Комисија за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, за евентуален прекршок по член 59**,** а во врска со член 7 и член 5 став 1 точка 11 од Законот за заштита на конкуренцијата, вредност на спорот - неопределена, на одржаната јавна расправа одржана на ден 06.07.2026 година, во присуство на полномошникот на тужителот адвокат Елена Трајковска Манчевски од Скопје и овластени лица на тужениот орган Борче Размоски од Скопје и Соња Дејанова Лапе од Скопје, согласно член 59 став 1 и 86 од Закон за управни спорови на ден 13.07.2026 година, донесе и јавно ја објави:

I.
П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот МЗТ Пумпи А.Д Скопје, производство и монтажа на пумпи, турбини, хидромеханичка и еколошка опрема Скопје, поднесена против Заклучокот бр.09-76/20 од 13.06.2025 година, на тужениот орган Комисија за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

II.
Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на полномошникот на тужителот за надомест на трошоци во постапката, СЕ ОДБИВА .

Секоја странка ги сноси своите трошоци во постапката.

О б р а з л о ж е н и е

Со оспорениот заклучок означен во изреката на пресудата,

барањето бр.09-76/20 од 13.06.2025 година, поднесено од тужителот МЗТ Пумпи А.Д Скопје, производство и монтажа на пумпи, турбини, хидромеханичка и еколошка опрема Скопје, против Друштво за производство и трговија Техноскоп ДООЕЛ Скопје, Друштво за трговија на големо со метална стока Протим ДОО Скопје и ЦМЦ Гроуп трговско друштво инжинеринг, советување и застапување ДОО Скопје, заради утврдување на евентуален прекршок по член 59, а во врска со член 7 и член 5 став 1 точка 11 од Законот за заштита на конкуренцијата, се отфрла согласно член 37 став 1 и 2 точка 1 и 3 од Законот за заштита на конкуренцијата.

Незадоволен од вака донесениот Заклучок, тужителот со тужба до овој Суд ја оспори законитоста на истиот, поради погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на Законот за заштита на конкуренцијата, со предлог тужбата да се уважи, оспорениот заклучок да се укине и Судот самиот да ја реши управната работа. Во тужбата е наведено тужителот до тужениот орган на ден 28.04.2025 година поднел Барање за поведување на прекршочна постапка согласно одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата против друштвата - Друштво за производство и трговија Техноскоп ДООЕЛ Скопје, Друштво за трговија на големо со метална стока Протим ДОО Скопје и ЦМЦ Гроуп трговско друштво инжинеринг, советување и застапување ДОО Скопје, а поради нивно усогласено однесување и формирање на картел при учеството на јавна набавка по Оглас за јавна набавка бр.22773/24 објавен од страна на договорен орган Општина Охрид. Имено, со увид во конкретната тендерска документација можело да се утврди дека наведените економски оператори иако настапувале секој како поединечен понудувач, сепак го усогласиле своето однесување на начин што доставиле идентична техничка понуда со идентични технички документи, и идентични Изјави за гарантен период, што е во спротивност со пазарната конкуренција, начелото на еднаков третман и недискриминација. Поточно, постоело усогласено однесување, односно формирање на картел помеѓу наведените економски оператори со цел избраниот најповолен понудувач да го добие договорот за јавна набавка. Тужителот посочил дека иако ниту еден од економските оператори не настапувал со групна понуда, тие го усогласиле своето однесување на начин што доставиле идентична техничка документација за машинскиот и електро делот се со цел да обезбедат доминантна пазарна позиција и нелојална конкуренција против останатите економски оператори. Дополнително, тужителот во своето барање истакнал дека сите тројца економски оператори доставиле идентични изјави за гаранција и изјава за достапност на резервни делови со ист датум од 20.01.2025 година што упатува на заклучок дека изјавите се ископирани и поделени помеѓу трите

економски оператори. Ова, според тужителот укажувало дека претходно, економските оператори се договориле да постапуваат на тој начин, односно го усогласиле своето однесување што е спротивно на Законот за заштита На конкуренцијата. Тужителот наведува дека тужениот орган со заклучок ПП.бр.09-76/20 од 13.06.2025 година барањето го отфрлил поради тоа што не постоел законски основ за поведување на прекршочна постапка. Тужителот наведува дека тужениот орган евидентно е дека не го ценел фактот дека во конкретната јавна набавка трите правни лица нстапувале со поединчена понуда (а не групна понуда) во кој случај секој од понудувачите требало да достави поединечна понуда заедно со целокупната документација што се барала согласно тендерската документација. Според тужителот невозможно е тројцата различни економски оператори да достават идентична документација во однос на докажувањето на својата техничка и професионална способност ако претходно не се договориле за истото и не договориле усогласено однесување. Понатаму, видно од образложениот на донесениот заклучок тужителот истакнува дека Комисијата својата одлука ја темели на решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки број 09-384/9 од 21.05.2025 година, па според него, Комисијата наместо да утврдува постоење на картел и заедничко делување таа утврдила дека тужителот не ги доставил бараните документи согласно техндерската документација, за што тужителот наведува дека е поднесена тужба пред управниот суд со која го оспорува донесеното решение на Комисијата за жалби. Конечно, тужителот во својата тужба истакнува дека повикувањето на КОП на одлуката на Европскиот суд на правдата С-67/13 Р - Groupement des Cartes Bancaires против Европската комисија, дека идентичноста на одредени елементи на понудите не претставува доказ за усогласено однесување доколку таа идентичност произлегува од објективни фактори, како што е избор на ист производител или стандардизирана техничка документација која произлегува од самиот производител, а која му била достапна и на самиот подносител на пријавата, не е соодветна за конкретниот случај од причини што во конкретниот случај не се работи за идентичност на одредени елементи туку за идентичност на целокупната техничка понуда

Тужениот орган во одговор на тужбата остана при своето решение од причините наведени во образложението на истото. Наведе дека тужбата на тужителот е неоснована и истата се темели на произволни толкувања и паушални претпоставки, без тужителот да приложи конкретни и релевантни докази кои би укажувале на постоење на прекршок според одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата.

Судот го достави, одговорот на тужба до полномошникот на тужителот на ден 25.08.2025 година меѓутоа истиот писмено не се произнесе.

Јавната расправа закажана за 06.07.2026 година се одржа во присуство на полномошникот на тужителот и овластени претставници на тужениот орган, согласно членот 40 од Законот за управните спорови.

На одржаната јавна расправа, полномошникот на тужителот остана во целост кон тужбата и кон тужбеното барање, кон наводите истакнати во тужбата и доказите кои се приложени во тужбата, смета дека во конкретен случај евидентно е усогласеното однесување на трите економски оператори бидејќи во конкретен случај станува збор за доставување на целосно идентична техничка документација за машински и за елекро дел а не само на одредени идентични елементи како и усогласеното однесување се сведува и за изјава за гаранција за изјава за достапност на резервни делови, дополни дека не го спори составот на судот иако по заведената тужба за оцена на законитоста за предметната јавна набавка одлучил овој Суд со Пресуда по тужба заведена под број У5 бр.592/25 дотолку повеќе што смета дека ова е посеба постапка и не треба истата согласно Закон за јавни набавки да биде оценувана ниту пак образложенијата на сега тужениот орган треба да бидат согласно Законот за јавни набавки.

На одржаната јавна расправа, претставниците на тужениот орган беа согласни наводите од тужениот орган да ги изнесе Борче Размоски кој е воедно и Претседател на прекршочната комисија и истиот изјави дека останува во целост кон дадениот одговор на тужба и предложи истата да се одбие како неоснована, дополнувајќи дека Комисија за одлучување по прекршок во оваа постапка постапувала исклучиво согласно своите законски надлежности врз основа на доставените докази и не постојат доволно индиции за поведување на прекшочна постапка поради забрането усогласено однесување спротивно на член 7 од Законот за заштина на конкуренција. Од прибавените докази во постапката по службена должност увидот во елекртонското досие за предметната јавна набавка утврдиле дека такви докази не постојат и дека во однос на идентичноста на техничката документација истакна дека се работи за стандардизирана техничка документација од сите производители кои не ги изготвиле самите понудувачи а која му била достапна и на самиот тужител односно на сите економски оператори кои сакале да учествуваат во постапката и наведе дека предлага на Судот во конкретниот случај судот да ја има во предвид Пресудата донесена од овој Суд УПРК бр. 39/2025 од 26.05.2026 година.

Во доказна постапка, Судот на јавната расправа ги изведе следните докази: тужбата, тековна состојба од ЦР на РСМ на тужителот од 05.12.2024 година (непроменета), налог за платена судска такаса, тековна состојба од ЦР на РСМ на тужениот оргна од 07.07.2025 година, барање регистрација затраварње на електронко сандаче за користење на

системот за електронска доства на судски предмети, оспорено Заклучок број 09-76/20 од 13.06.2025 година, барање за поведеување на преркршочена постапка од 28.04.2025 година, огалс за јавна набавка бр.22773/24, записник од отварање на понуди од 05.02.2025 година, табела со понудени цени, евидентен лист на овластени претставници понудувачи, одлука за избор на најповолна понуда 09-3959/1 од 19.03.2025 година, известување за отфрлање на понуда и избор на најповолна понуда од 03.2025 година, жалба од економски оператор МЗТ пумпи АД Скопје, преку полномошник без прилог и доставување на одговори и докази по заклучок за барање на податоци од 15.05.2025 година примено кај тужен орган, четири прашања пред јавно отварање, одговор на поставените прашање со напомена дека се испратени прашањата и до одговорниот проектант за пунктна станица и скици изработени од трговско Прима Инженеронг ДОО Скопје, огалс за јавна набавка 12608/19, одлука за избор на најповолна понуда од 20.12.2019 година, известување за избор на најповолна понуда од 20/12/2019 година, жалба за педноставена отворена постапка за оглас 12608/19 од 24.12.2019 година од Стенто Градба ДОО Битола, одговор на жалбата од Комисја за јавни набавки на општина Охрид од 26.12.2019 година, решение на ДКЖЈН бр. 09-17/37 од 09.01.2020 година, одлука за избор на најповолна понуда од 06.02.2020 година на општина Охрид за оглас, жалба против одлука бр. 091414/1 од 06.02.2020 година од МЗТ Пумпи АД Скопје одлучено со решение на ДКЖЈН 09-194/15 од 26.02.2020 година, известување од 11.03.2020 година, од Комисија за јавна набавка на општина Охрид, за поништување на дел 1 по оглас 12608/2019, донесена одлука за истиот оглас за поништување на дел од постапка од 11.03.2020 година, оглас 18596/22 договорен оргна Министерво за замјоделство, оглас 15199 /21 договорен орган Министерво за транспорт и врски, договор за набавка и монтажа на пумпа за вода во с. Шипокно меѓу општина Охрид и сега тужителот, ново дополнително прашање Во врска за ијавите кои се барни во тендерска документација и гарантниот период, допис од Кристијано Себастијани составен на 03.02.2025 година во име на AC.MOS.PA, преведено од овластен судски преведувач, изјава за гранција од КАЗ Груп Илинден ДОО Скопје од 03.01.2025 година, изјава за Гарантен рок од Агенција DOMINION до Општина Охрид од 30.01.2025 година на Мекедонски и Српски јазик, овластување од производителот гарнција за фабрика за вентили Јафа од 03.02.2025 година на англиски и со превод на макдоснки од овалстен судски превдувач, изјава за АТест за пумпи од тужителот со бр. на оглас 22773/24 од 04.02.2025 година, ијава за гарантен рок од тужителот по истиот оглас 03.02.2025 година, изјава од тужителот за оглас 22773/24 за достпност на резервни делови од 03.02.2025 година, изјава од 20.01.2025 година KSB,DOMZALE, Словенија, прашање насловено како бр. 5 и прилог техничка документација со 17 страници составена од KSB во врска со нивни производи за ефикасноста за трансмисијата и останати работи, Сега оспорениот заклучок од 13.06.2025 година, решение на ДКЖЈН, бр. 09-384/9 од 21.05.2025 година

и предмет на тужба во постпка за јавна набвка од 12.06.2025 година, решение за ДДВ обврзик на име на полномошникот 16-1100/105912/5 од 08.10.2009 година. Тужениот оргна достави списи кон истите; известување до општина Охрид од 13.06.2025 година, со доставување на сега предметниот оспорен заклучок, истиот доставен уредно и до тужителот, одговор од ЦМЦ ГРУП ДОО Скопје по повод заклучок за барање на податоци од 27.05.2025 година, одговор од Техно скоп ДООЕЛ Скопје примено на 26.05.2025 година, кај тужен орган, понудата на Техно скоп ДООЕЛ Скопје пропратна е економска, повторно гаранции, давани на општина Охрид од HAWLE 23.01.2025 година, две изјави од КСБ од 20.01.2025 година, писмено од 23.01.2025 година, од VAGS.R.O од Петар Обранец регионален продажен директор, писмено од 31.01.2025 година, од Игор Цатуров VIKING JONSON, допис MIV од 23.01.2025 година, допис од ЛОК СТРУП- STEEL од 20.01.2025 и допис од 27.01.2025 од РАМ, ПРОТОТИМ доставување комлетна докуметација - каталози на ден 23.05.2025 година до сега тужениот оргна, барање податоци од тужениот до општина Охрид, повторно записникот за јавното отварање и прашањата пред јавното отварање со сите исти докази, од општина Охрид до ДООЕЛ ПРИМА ИНЖЕНЕРИНГ Барање од општина Охрид од 26.02.2025 година да се изработи мислење во врска со изработен основен проект за понктна станица Метропол во опшина Охрид, одговор по истото од 28.02.2025 година, записник од дорджна состаонаок од 13.05.2025 година на Комисја за јавни набавки со извештај за текот на Е-аукција, записник од извршена упрвна контрола од Биро за јвани набавки од 26.03.2025 година, повторно докази приложени кон тужбата од Прото тим доставување на документи до тужениот од 22.05.2025 година, со повторно доказот за доставување на одговори и докази по залучокот за барање на податоци, предметното барање од 28.04.2025 бр. 09-76/1 за поведување на прекршочна постапка со истите докази кои се приклучени и кон тужбата одговорот на жалбата, одговор од ЦМЦ ГРУП до тужениот доставени на 27.05.2025 година, со нивните пропратна понуда по повод јавната предметна набавка, техничките докумнетации на понудата на ЦМЦ ГРУП со веќе изведените изјави за гранции прилог кон тужбата.

Во заврешен збор, полномошникот на тужителот предложи тужбеното барање да биде усвоено како што е поставено од причините детално изнесени во тужбата како и на расправта, а имајќи ги предвид доставените докази од кои неспорно произлегува основаноста на тужбеното барање и тужениот орган да биде задолжен со трошоци покрај предјавените со тужбата зголемени и за застапувањето во износ од 12.885,00 денари .

Во завршен збор, претседателот на прекршочната комисија му предложи на судот тужбата да ја одбие како неоснована и ќе го потврди оспорениот заклучок.

Судот постапувајќи по тужбата на тужителот, врз основа на наводите и доказите од тужбата, списите приложени од страна на тужениот орган, како и наводите на присутните странки на јавната расправа, а врз основа на изведените докази, најде дека:

Тужбата на тужителот е неоснована.

Од списите во предметот произлегува дека тужителот, на ден 28.04.2025 година до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, доставил барање за поведување на прекршочна постапка бр.09-76/1 од 28.04.2025 година, против Друштво за производство и трговија Техноскоп ДООЕЛ Скопје, Друштво за трговија на големо со метална стока Протим ДОО Скопје и ЦМЦ Гроуп трговско друштво инжинеринг, советување и застапување ДОО Скопје, заради утврдување на евентуален прекршок по член 59, а во врска со член 7 и член 5 став 1 точка 11 од Законот за заштита на конкуренцијата. Во барањето е наведено дека во постапката за јавна набавка по оглас бр.22773/2024 од страна на договорниот орган Општина Охрид, постоело усогласено однесување, односно формирање на картел помеѓу наведените економски оператори со цел избраниот најповолен понудувач да го добие договорот за јавна набавка. Тужителот посочил дека иако ниту еден од економските оператори не настапувал со групна понуда, тие го усогласиле своето однесување на начин што доставиле идентична техничка документација за машинскиот и електроделот се со цел да обезбедат доминантна пазарна позиција и нелојална конкуренција против останатите еконмоски оператори. Дополнително, подносителот истакнал дека двајцата економски оператори доставиле идентични технички документи и идентични изјави за гарантен период што според тужителот било спротивно на Законот за заштита на конкуренцијата. Тужителот како подносител заклучил дека со ваквото однесување на економските оператори била направена злоупотреба на слободната конкуренција, а со ова здружување и елиминирање на подносителот се максимизира интересот на трите економски оператори што укажувало на поделени взаемни интереси за реалзиција на предметот на набавката.

Комисијата за одлучување по прекршок на ден 09.05.2025 година донела заклучоци за податоци и документи изведени во доказната постапка пред судот, па по разгледување на доставените податоци и увидот во досието на спроведената постапка за јавна набавка по оглас бр.22773/2024 утврдила дека самото наведување на сличност на документацијата без приложување на дополнителни докази за контакт, координација или размена на информации не претставува доволен основ за утврдување на усогласено однесување согласно член 7, а во врска со член 5 став 1 алинеја 11 од Законот за заштита на конкуренцијата.

Имено, од прибавените докази во постапката било видно дека договорниот орган, преку електронскиот систем на Бирото за јавни набавки на ден 30.12.2024 година, спровела постапка за доделување договор за јавна набавка по огласот за јавна набавка со отворена постапка бр. 22773/2024 за набавка на стоки - Реализација на основен проект за замена на постоечка опрема во пумина станица Метропол во општина Охрид, за што претходно била донесена одлука за јавна набавка од 30.12.2025 година. Постапката била објавена на електронскиот систем за јавни набавки (во понатамошниот текст: ЕСЈН) на Бирото за јавни набавки Република Северна Македонија на 30.12.2024 година како делива Договорниот орган во Службен весник на во тендерската документација и огласот предвидел дека како критериум за доделување на договор за јавна набавка ќе го користи критериумот најниска цена, со спроведување на е-аукција. Од понудувачите било побарано да достават документи за докажување на способноста Гаранција на понудата и Гаранција за квалитетно извршување на договорот. До крајниот рок за поднесување на понудите кој што бил на 05.02.2025 година, пристигнале вкупно пет понуди. Комисијата за јавни набавки на договорниот орган извршила проверка на комплетноста и валидноста на понудите и прифатливите понуди ги поканила на електронска аукција која се одржала на ден 17.03.2025 година. Врз основа на генерираниот извештај од текот на електронската аукција и извештајот од спроведена постапка, Комисијата за јавни набавки доставила предлог за избор какот најповолна да биде избрана понудата на економскиот оператор Техноскоп ДООЕЛ Скопје Ваквиот предлог бил прифатен од страна на договорниот орган по што била донесена Одлука за избор на најповолна понуда бр.09-3959/1 од 19.03.2025 година. При тоа, од Известувањето за отфрлање на понуда и избор за најповолна понуда, евидентно е дека понудата на МЗТ Пумпи е отфрлена поради фактот што истата не го исполнила условот за квалитативен избор во делот на техничка и професионална способност, односно МЗТ Пумпи воопшто не ги доставил бараните мостри, туку во ЕСЈН прикачил каталози со технички податоци за бараните мостри. Дополнително, од наведеното известување евидентно е дека МЗТ Пумпи не ги исполнил предвидените услови од точка 3.11.3 од тендерската документација, односно доставил гаранции со гарантен период од 12 месеци иако според тендерската документација гарантниот период требал да биде минимум 2 години. МЗТ Пумпи не поднел жалба во однос на содржината на тендерската документација за горенаведениот оглас број 22773/2024 година. МЗТ Пумпи доставил жалба против одлуката за избор на најповолна понуда бр.09-3959/1 од 19.03.2025 година. На ден 21.05.2025 година, Државната комисија за одлучување за жалби по јавни набавки (во понатамошниот текст ДКЖЈН) донела Решение со кое жалбата на жалителот МЗТ ПУМПИ ја одбила поради неоснованост. Од Решението на ДКЖЈН јасно произлегува дека Општина Охрид, како договорен орган на јасен начин предвидел дека задолжително е доставувањсто на мостри, кои МЗТ Пумпи не ги доставил, а воедно

доставил гарантен период на пумпи и останата хидромеханичка опрема за период од 12 месеци, наместо бараната гаранција од минимум две години за хидромеханичката опрема (арматури, спојки, фасонски парчиња), издадена од производител и наменета за конкретната постапка и која требало да биде поднесена заедно со тендерската понуда. Од прибавените докази, за тужениот орган  е јасно дека останатите економски оператори кои учествувале на предметната јавна набавка доставиле валидни гаранции во однос на времетраењето, кои биле издадени од различни производители и тоа: Кабтел ДООЕЛ Скопје доставил гаранција производителите Capran S.p.A и Makitel DOOEL, КАЗ Груп доставил гаранција од производителите ДОМИНИОН Д.о.о и Jafar S.A, ЦМЦ Гроуп доставил гаранции од производителите HAWLE Araturen GmbH KSB pumps and yalves Ltd и AS Logstrup 1 Steel, Гехноскоп ДООЕЛ Скопје доставил гаранција од производителите НА WLE Araturen GmbH, Saint- Gobain PAM ftalia SPA and Saint-Gobain PAM Deutschland Gmbh u KSB pumps and valves Ltd и Протим ДОО Скопје доставил гаранција од производителите KSB pumps and valves Ltd Metalska industrija Varazdin d.d, (MIy d.d.), шго укажува на фактот дека бараните производи што одговараат на техничките спецификации од тендерската документација и МЗТ Пумпи можел да ги набави од различни производители, конкуренти на пазарот кои издаваат гаранција за бараниот период од две години. Според КОП, економските кои доставиле каталози од исти производители истото го сториле бидејќи нуделе производи на еден ист производител и производителот им издал идентични гарантни документи за потврда на квалитетот на производите Економските оператори понудиле производи од ист производител, чии технички спецификации се совпаѓаат со барањата од тендерската документација. Идентичноста на понудената техничка документација, како и изјавата за гаранција е логична последица на тоа што операторите понудиле производи од ист производител, кој обезбедил унифицирани технички технички податоци и изјави.

Имено, Судот неспорно утврди дека наведенага документација е издадена од самиот производител за конкретниот производ и не се креирани од страна на понудувачите. Дополнително, Судот цени дека и истите производи  биле достапни до сите и до самиот подносител на пријавата кој имал можност да ги понуди на договорниот орган. Конечно, постапката завршила со електронска аукција во која понудувачите имале можност за реално и директно ценовној наддавање. Електронската аукција, каком транспарентени конкурентен механизам, го намалува дејството на претходно усогласување на цени или резултати, особено во ситуација кога во постапката учествуваат повеќе понудувачи. Овозможувањето на е-аукција значи дека понудувачите имале можност да се натпреваруваат, а крајната одлука се базирала на најниска понудена цена, во реални пазарни услови. Оттука, понудата доставена од страна на МЗТ Пумпи не била одбиена заради неисполнување на услови од тендерската документација, која прецизно и јасно ги имала дефинирано

критериумите за бараните производи, туку заради сторен пропуст да се доставaт бараните мостри и доставување на гаранција за производите кои се барале со тендерската документација со временски рок од 12 месеци, наместо јасно наведеното барање да се достави гаранција со времетраење од 24 месеци. Дополнително, видно од доставената документација до КОП, МЗТ Пумпи учествувал во слична постапка каде предметот на набавка бил ист или сличен со предметот на набавката по огласот бр.22773/2024 година и на овој тендер од 2019 година, кој бил објавен за неколку пумпни станици, вклучително и пумпна станица Матропол, Пумпи потпишал и реализирал Договор за Дел 2 и Дел 3 од іавната набавка, а Дел 1 не бил реализиран, туку поништен. Притоа тужен орган, од доставените податоци, утврдил дека делот 1 од оваа јавна набавка спроведена во 2019 година, бил поништен, откако во постапка за одлучување за жалба по наведената јавна набавка, ДКЖЈН со увид во досието од постапката на ЕСЈН и понудите на понудувачите кои учествувале во постапката утврдила дека избраниот понудувач МЗТ Пумпи не ги исполнил во целост барањата на договорниот орган утврдени во тендерската документација и техничката спецификација, односно дека МЗТ Пумпи понудил пумпи кои технички не одговараат на бараните спецификации и кои не ги исполнуваат бараните параметри и карактеристики од техничката спецификација. Тужениот орган утврдил дека при јавната набавка бр. 22773/2024 каде учествувале пет понудувачи и условите во тендерската документација биле јасно и недвосмислено прецизирани, не постоело ограничување во однос на производителот на производите наведени и пооарани со тендерската документација. Сите економски оператори, учесници на јавната набавка учествувале на истата со производи од различни производители и доставиле гаранции за квалитет од соодветниот производител. Оттаму од доставената документација во предметната постапка, евидентно е дека претпријатија Техноскоп ДООЕЛ Скоције, Протим ДОО Скопје и ЦМЦ Гроуп против кои е поднесено барањето за поведување на прекршочна постапка, доставиле идентични гаранции за квалитет и каталози, единствено бидејќи нуделе производи на исти производители и гаранциите им биле издадени од производителите на тие производи. Исто така, тужен орган утврдил дека не постои историја на повеќе јавни набавки каде наведените претпријатија го координирале своето однесување производи, туку напрогив на тендер на кои предмет на набавка биле исти или слични за исти или слични производи, како најповолен понудувач бил избран токму подносителот на барањето МЗТ Пумпи. Подносителот на пријавата не приложил конкретни докази за претходна координација, контакт или договор меѓу економските оператори. Во тој контекст, имајќи ја во предвид одлуката на Европскиот суд на правдата C-67/13 P - Groupement des Cartes Bancaires против Европската комисија, релевантна за нашиот случај е дека идентичноста на одредени елементи на понудите не претставува доказ за усогласено однесување, доколку таа идентичност произлегува од објективни фактори како е извор на ист производител или стандардизирана техничка

документација која произлегува од самиот производител, а која му била достапна и на самиот подносител на пријавата.

Согласно наведеното, врз основа на примена на принципот на минимален доказен праг (prima facie) утврден во член 37 од Законот за заштита на конкуренцијата во отсуство на елементи кои укажуваат на постоење на забранет договор, одлука или усогласено однесување, Комисијата за одлучување по прекршок утврдила дека не постои законски основ за поведување на прекршочна постапка бидејќи дејствието опишано во барањето не претставува прекршок и барањето за поведување на прекршочна постапка на тужителот МЗТ Пумпи не е поткрепено со докази согласно пропишаните одредби од Законот за заштита на конкуренцијата, поради што го донела сега оспорениот заклучок бр.09-76/20 од 13.06.2025 година, со кој барањето бр.09-76/1 од 28.04.2025 година, поднесено од тужителот МЗТ Пумпи А.Д Скопје, производство и монтажа на пумпи, турбини, хидромеханичка и еколошка опрема Скопје, против против Друштво за производство и трговија Техноскоп ДООЕЛ Скопје, Друштво за трговија на големо со метална стока Протим ДОО Скопје и ЦМЦ Гроуп трговско друштво инжинеринг, советување и застапување ДОО Скопје, заради утврдување на евентуален прекршок по член 59, а во врска со член 7 и член 5 став 1 точка 11 од Законот за заштита на конкуренцијата, се отфрла согласно член 37 став 1 и 2 точка 1 и 3 од Законот за заштита на конкуренцијата.

Незадоволен од вака донесениот заклучок бр.09-76/20 од 13.06.2025 година, на Комисија за заштита на конкуренцијата-Комисија за одлучување по прекршок, останал сега тужителот кој го поведе предметниот управен спор.

Судот наоѓа дека тужениот орган со оспореното решение не го повредил законот на штета на тужителот поради следното:

Согласно член 5 став 1 алинеја 11 од Законот за заштита на конкуренција („Службен весник на РМ“ бр.145/10...бр.16/25), "картели" се договори и одлуки и/или усогласено однесување меѓу две или повеќе претпријатија чија цел е координирање на нивното однесување како конкуренти на пазарот и/или влијаење на релевантните параметри на конкуренцијата, особено преку фиксирање на куповни или продажни цени или други услови на тргување, ограничување на производство или воспоставување продажни квоти, поделба на пазари, договарање при учество на тендери, ограничување на увоз или извоз и/или антиконкурентско однесување насочено спрема други претпријатија - конкуренти на учесниците во картелот,

Согласно член 5 ст.1 алинеја 12 од истиот закон, "усогласено однесување" е координирање на однесувањето меѓу две или повеќе претпријатија како резултат и, без склучување на договор, на што доаѓа до

намерно заменување на состојбата на непречена конкуренција на релевантниот пазар со состојба на практична соработка меѓу претпријатијата. До усогласено однесување може да дојде како резултат на директни или индиректни контакти меѓу претпријатијата чијашто цел или последица е да се влијае на однесувањето на релевантниот пазар или да им се најави идното пазарно однесување на конкурентите.

Согласно член 7 ст. 1 од истиот закон, забранети се сите договори склучени меѓу претпријатија, одлуките на здруженијата на претпријатија и усогласеното однесување чија цел или последица е нарушување на конкуренцијата, а особено оние кои: 1) директно или индиректно ги фиксираат куповните или продажните цени или некои други услови за тргување; 2) го ограничуваат или го контролираат производството, пазарот, техничкиот развој или инвестициите; 3) го делат пазарот или изворите на снабдување; 4) применуваат различни услови за исти или слични правни работи со други трговски партнери, со што ги ставаат во понеповолна конкурентска позиција или 5) го условуваат склучувањето на договорите со прифаќање од другите договорни страни дополнителни обврски, што по својата природа или согласно со трговските обичаи не се во врска со предметот на договорот.

Согласно член 37 ст.1 и 2 од истиот закон, ако Комисијата за одлучување по прекршок утврди дека не постојат законски услови за поведување постапка, барањето од член 34 од овој закон ќе го отфрли со заклучок. Не постојат законски услови за поведување на постапка доколку: 1) дејствието опишано во барањето не е прекршок; 2) барањето го поднело лице кое нема легитимен интерес за утврдување на прекршок; 3) барањето не е поткрепено со докази; 4) настапила застареност на прекршочното гонење; 5)однесувањето кое е предмет на барањето не доведува до значително нарушување на конкуренцијата или 6) доколку не постои јавен интерес за водење на прекршочна постапка.

Согласно член 59 став 1 од Законот за заштита на конкуренција, Комисијата за одлучување по прекршок, на претпријатието, односно здружението на претпријатија, со решение ќе му изрече глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во последната деловна година, изразена во апсолутен и номинален износ за која претпријатието или здружението на претпријатија има составена годишна сметка ако: 1) склучи забранет договор или на друг начин учествува во договор, одлука или усогласено однесување со кои се нарушува конкуренцијата во смисла на член 7 од овој закон; 2) стори злоупотреба на доминантна позиција во смисла на член 11 од овој закон; 3) не постапи по решение на Комисијата за заштита на конкуренцијата од член 51 од овој закон; 4) не постапи по решение на Комисијата за заштита на конкуренцијата од член 52 од овој закон.

Оценувајќи ја законитоста на оспорениот заклучок Судот наоѓа дека истиот е правилен и законит.

Во конкретниот случај, од увидот кон списите во предметот, Судот констатира дека тужениот орган врз основа на целосна фактичка и правна анализа на поднесеното Барање за поведување на прекршочна постапка и доставените докази, правилно утврдил дека при јавната набавка по Оглас.бр.22773/2024 на договорниот орган Општина Охрид каде учествувале четири понудувачи, меѓу кои и тужителот и Друштво за производство и трговија Техноскоп ДООЕЛ Скопје, Друштво за трговија на големо со метална стока Протим ДОО Скопје и ЦМЦ Гроуп трговско друштво инжинеринг, советување и застапување ДОО Скопје, условите во тендерската документација биле јасно и недвосмислено прецизирани, не постоело ограничување во однос на производителот на производите наведени и побарани со тендерската документација. Имено, од доставената документација во предметната постапка тужениот орган утврдил дека е евидентно дека претпријатијата против Друштво за производство и трговија Техноскоп ДООЕЛ Скопје, Друштво за трговија на големо со метална стока Протим ДОО Скопје и ЦМЦ Гроуп трговско друштво инжинеринг, советување и застапување ДОО Скопје, против кои е поднесено Барањето за поведување на прекршочна постапка од страна на сега тужителот, доставиле идентични гаранции за квалитет и каталози и идентични изјави за квалитет единствено бидејќи нуделе производи на исти производители и гаранциите им биле издадени од производителите на тие производи.

Оттука, Судот најде дека, тужениот орган во согласност со ставовите на Европската комисија за паралелно однесување (Case COMP/38.281 – Sodium Chlorate), правилно констатирал дека идентичноста на понудените документи не било само по себе доказ за картел доколку постои економски и пазарно оправдано објаснување, односно идентичноста била производ на избор на ист производител, а не на контакт помеѓу понудувачите што значело дека недостасува законскиот елемент цел или последица на нарушување на конкуренцијата предвиден во член 7 став 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, и врз основа на примена на принципот на минимален доказен праг (prima facie) утврден во член 37 од Законот за заштита на конкуренцијата во отсуство на елементи кои укажуваат на постоење на забранет договор, одлука или усогласено однесување, Комисијата за одлучување по прекршок правилно утврдила дека не постои законски основ за поведување на прекршочна постапка бидејќи дејствието опишано во барањето не претставува прекршок и барањето за поведување на прекршочна постапка на тужителот МЗТ Пумпи не е поткрепено со докази согласно пропишаните одредби од Законот за заштита на конкуренцијата.

Судот ги ценеше тужбените наводи на тужителот изнесени во тужбата, дека тужениот орган при одлучувањето по барањето не го ценел фактот дека во конкретната јавна набавка двете правни лица настапувале со поединечна понуда а не групна понуда во кој случај секој економски оператор треба да достави своја поединечна понуда заедно со целокупната останата документација која се бара во тендерската документација која е различна за секој економски оператор со која ги докажува условите за исполнување на техничка и професионална способност, меѓутоа ги оцени како неосновани и без влијание за поинакво одлучување. Наведеното од причини што, тужениот орган правилно констатирал дека идентичноста на делови од техничката понуда произлегува од објективни и проверливи причини, а не од незаконита координација. Конкретно, идентичноста на дел од документацијата се должела на тоа што операторите користеле производи од ист производител. Стандардизирната техничка документација била издадена од производителот, а не креирана од понудувачите и како таква била достапна на сите субјекти на пазарот, вклучително и на самиот тужител. Тужениот орган, правилно утврдил дека користењето на унифицирани документи од ист производител не претставува доказ за усогласено однесување во услови кога немало докази за претходна комуникација и координација, не постоела историја на кооридниранo постапување во други јавни набавки и како крајна фаза од постапката била спроведена електронска аукција, што овозможувало независно и реално ценовно наддавање.

Судот ги оцени како неосновани, и наводите на тужителот дека тужениот орган својата одлука за темелел единствено на одлуката на договорниот орган што ја донел во повторната постапка, согласно која понудата на тужителот не била во согласност со барањата и условите во техничката спецификација. Ова од причини што тужениот орган врз основа на независна анализа на фактите, доказите и околностите поврзани со наводите за усогласено однесување добиени во текот на постапката, правилно утврдил дека не постои историја на повеќе јавни набавки каде наведените претпријатија го координирале своето однесување за исти или слични производи, туку напротив на јавни набавки на кои предмет на набавка биле исти или слични прозиводи како најповолен понудувач бил избран токму тужителот.

По однос на тужбените наводи дека тужениот орган се повикал и на одлуката на Европскиот суд на правдата C-67/13P-Groupement des Cartes Bancaires против Европската комисија, согласно која идентичноста на одредени елементи на понудите не претставува доказ за усогласено однесување, но во конкретниот случај не се работело за идентичност на одредени елементи во понудата туку за идентичност на целокупната понуда, Судот оцени дека Комисијата за одлучување по прекршок правилно се повикала на пресудата бидејќи и во конкретниот случај

станува збор за идентичност на одредени елементи од понудите, како што се технички каталози(техничка понуда) и изјави за гаранција издадени од исти производители, а не за идентичност на целокупната понуда. Документацијата не била создадена од понудувачите туку стандардизирана од производителите и како таква еднакво достапна на тужителот.

Со оглед на сето наведено, Судот утврди дека тужбата на тужителот е неоснована согласно член 59 од Законот за управни спорови и одлучи како во изреката на оваа пресуда.

По однос на барањето на тужителот за надомест на трошоците во постапката, Судот одлучи барањето за надомест на трошоците да го одбие согласно одредбите од член 86 став 3 од Законот за управните спорови, според кој доколку судот ја одбие или отфрли тужбата или пак постапката се запре, секоја странка ги сноси своите трошоци во постапката.

ОДЛУЧЕНО во Управен суд на 13.07.2026 година, под УПРК.бр.15/2025.

Записничар – виш судски соработник          Претседател на совет - Судија
Димитар Радичевски          д-р Едита Насковска

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истата, преку овој суд до Виш управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Р.Македонија, банка на примач НБРМ, судски такси од правни лица банка на примач НБРМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2.

Одлуката да се достави на:
- тужителот, преку полномошник
- тужен орган

Претседател на совет-Судија
д-р Едита Насковска